утрински Весник
Број 1891 понеделник, 16 октомври 2006

НАСЛОВНА
МАКЕДОНИЈА
НА ПРВО МЕСТО
ДНЕВНИК
ЕКОНОМИЈА
ХРОНИКА
КОМЕНТАРИ
КОМЕНТАР
ПИСМА
МИСЛЕЊА
СВЕТ
КУЛТУРА
СПОРТ
СКОПЈЕ
ОГЛАСИ
МАЛИ ОГЛАСИ
НЕКРОЛОГ
ВРЕМЕ
ХОРОСКОП
ШТО ПРАВАТ ДЕНЕСКА
ЗДЕНКО

Архива
Најнов број
Контакт
Редакција
Маркетинг
Претплата
Archive
Latest Edition
Contact
Editorial
Advertise
Subscription

Печатено Издание

пребарај

SETimes.com Балканот на еден клик растојание

КУЛТУРА

**Се подготвува изложба на првата жена - член на ДЛУМ**

# Ликовниот свет на Катја Евтимова

**Сликарката по Втората светска војна се вклучила во ликовниот живот на Македонија, откривајќи ја феноменологијата на импресионизмот**



Националната галерија на Македонија подготвува нова , ретроспективна изложба на која во првата половина на октомври ќе го презентира творештвото и животниот пат на уште еден доајен на македонската ликовна уметност, на досега недоволно анализираната и валоризирана сликарка Катја Евтимова. Ова претставување на првата жена академска сликарка кај нас, ќе биде своевидно одбележување на шеесетгодишнината од нејзината прва самостојна (Битола 1945 година) но и на 95 годишнината од нејзиното раѓање (1910 година,inbsp; во Пазарџик, Бугарија).
Историчарката на уметност, виш кустос Мирјана Талеска истражувањето на опусот на сликарката каде се вбројани околу 600 ликовни дела (масла, акварели, цртежи со туш, креда и пастел), го смета заinbsp; вистински предизвик, со оглед дека творештвото на Евтимоваinbsp; многу малку е проучувано, откривано и соодветно толкувано. "Не по нејзина вина, сликарката Катја Евтимова опстојувала на маргините на нашето културно живеење (можеби поради ангажираноста како ликовен педагог, сопруга и мајка, но во рамките на своите можности, сепак таа била многу активна). Извесно време била во сенка во однос на определени личности од нашиот културен простор. Од тие причини, а и поради професионалната совест, галеријата одлучи, повторно и потемелно да го проучи животот и ликовното творештво, да го открие развојот наinbsp; неговата генеза, со цел да постигне што пообјективна валоризацијаinbsp; на нејзинотоinbsp; сликарство. Преку нејзинатаinbsp; животна и творечка "одисеја" се трудиме да соопштиме некои нови сознанија, пред сеinbsp; за нејзината пионерска, втемелувачка улога, како сликар импресионист, заедно со првата генерација академски образовани сликари,inbsp; коиinbsp; после Втората светска војна (некои и пред тоа) го започнааinbsp; развојот на модерната уметност во Македонија" - вели Талеска.
Животниот пат на Евтимова започнат во Бугарија, од каде и потекнува физички завршува во Македонија во 1996 година, но нејзините слики околу себеinbsp; до ден денес не ги собираат само историчарите на уметноста,inbsp; и припадниците наinbsp; семејството( кое е едно од ретките што во 1997 година, една година по смртта, организира и изложба во Културно - информативниот центар во Скопје), туку и нејзините ученици на кои влијаела при професионалната определба и пренесување на жубоват кон ликовната уметност. Меѓу нив е афирмираниот македонски сликар Павле Кузмановски од Тетово..
Катја Генова Евтимова потекнува од скромно земјоделско бугарско семејство, била второ од петте деца на Петруна(Пенка) и Атанас Генови. Завршила Академија за ликовни уметности во Софија, во период кога градот почнал интензивно да се развива во различни области, меѓу кои и на полето на сликарството по ослободувањето од отоманскатаinbsp; власт.Академијата на којаinbsp; студирале и повеќе македонскииinbsp; ликовни уметници:Михајло Шојлев, Димитар Пандилов Аврамовски, Љубомир Стефановски, Лена Стефанова , Борко Лазески, Димче Протуѓер и други, во рамките на ликовната сфера ја карактеризирале академизмот, натурализмот, веризмот, со примеси на романтизам, сецесија и нагласена сентименталност. Заinbsp; делото "Портрет на циганка" (1933), кое воедноinbsp; било и нејзина дипломска работа, Евтимова ја добила највисоката наградаinbsp; од Фондот за талентирани студенти"Ана Бешевлиева", што и овозможило и стипендија за престој и стручно усовршување во Ненси, во Франција. Од 1934 година работела како професор по цртање во неколку бугарски градови, за во 1942 година да дојде во Битола, истата година да сеinbsp; вери со колегатаinbsp; Бојан Евтимов и да остане до крајот на животот во Македонија, станувајќи и мајка на двете нивни деца, Лилјана и Ратко. Освен во Битола, таа работела

Click to enable Adobe Flash Player
bestnet
Telekabel
Click to enable Adobe Flash Player
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
LIVING HERITAGE MACEDONIA www.zivonasledstvo.org.mk
ЧУСТВУВАТЕ ХРОНИЧЕН ЗАМОР?
АЛКАЛОИД а.д.
посветен на луѓето од Југоисточна Европа од 1999. g.do danas.
граѓански СВЕТ Информации за
Click to enable Adobe Flash Player
Antenna5.FM
Powered by nextsense webBuilder
nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

и во Охрид, каде продолжила да слика и црта.
Во 1946 година Катја Евтимова станува првата жена, членка на Друштвото на ликовните уметнициinbsp; на Македонија (ДЛУМ), редовно учествувајќи на сите нивни групни изложби, како и во тековните активности. Со колегите Б. Траиковски, П. Видимче, Ј.Симонче, П. Николовски, Б. Костовски, Д.Пандилов, М.Корубин, В.Ѓорѓиевски. М.Ивановски. Р.Лозановски и други, во 1954 година била и на студиско патување во Италија. Од овој период датираат и нејзините акварели и цртежи, создавани на јадранскиот брег. За прв пат во Скопје во 1959 година, на самостојна изложба организирана по повод Меѓународниот ден на жената, сликарката се претставува со своите дела со омилени теми: пејсажи, портрети и цвеќиња. Во Скопје реализира самостојни изложби и во 1965, 1973 и 1985 година, кога во Културно - информативниот центар била отворена и јубилејна изложба посветена наinbsp; 40 годишнината од нејзиното ликовно творештво.inbsp;
Мирјана Талеска вели дека Евтимова е една од ретките сликари кои после Втората светска војна, со голем елан се вклучилеinbsp; во ликовниот живот на Македонијаinbsp; и со својата естетска свежина ја открилеinbsp; феноменологијата на импресионизмот. На почетокот, по доаѓањето воinbsp; земјава, таа сликала портрети на жени селанки во народни носии, на историски личности и пејсажи, и од тој ран период се сочуваниinbsp; голем број на цртежи, пастели со тема портрет, фигури-актови, совршено технички насликани во духот наinbsp; академскиот реализам."Речиси во сите портрети се забележуваinbsp; карактеристика наinbsp; женски ликовен сензибилитет"- ќе нагласиinbsp; Талеска, која напоменува дека сликарката речиси номадски го поминала поголемиот дел од животот. Одinbsp; Охрид се преселила со семејството во Прилеп, потоа во Скопје каде работела во "Машката гимназија", за од 1949 до 1954 година да живее и создава во Тетово, град во кој тогаш билаinbsp; и првата но и единствената жена сликарка. Од тогаш потекнуваат и нејзинитеinbsp; најубави пејсажи, со природни реткостиinbsp; и тајни на Шар Планина, каде со група планинари, писатели иinbsp; поети престојувала извесно време. Зимитеinbsp; во Тетовоinbsp; биле инспирација за Евтимова да наслика и голем број прекрасни градски тетовски ведути.inbsp;
Од тој творечки период (1959 - 1960 година) како што ќе забележи ликовниот критичар Владимир Величковски во каталогот отпечатен по повод јубилејната изложба во 1985 година,inbsp; потекнуваат и највпечатливите работи, работени акварелски, спонтано и ефикасно. "Лесно нафрлените импресии се сликани со нежни, светли и топли бои, пастуозно нанесни. Во пејсажите има примеси на определениinbsp; смели експресионистички гестови преку кои се откриваат изрази на духовна и естетска релаксацијаinbsp; и чувство на спокојство.inbsp; Пејсажите и мртвите природи авторот гиinbsp; изработил со посебен творечки ангажаман, во нив ги постигнал најзначајните остварувања"- напишал Величковски.
По повод ретроспективното претставувањеinbsp; во овој октомври, е забележан и фактот декаinbsp; животот и творештвото на Катја Евтимова има допирни точки со нејзиниот близокinbsp; и постар колега Димитар Пандилов Аврамовски, односно декаinbsp; живеењето воinbsp; малите провинциски градови, педагошката дејност иinbsp; визулената инспирацијаinbsp; од опкружувањето извршилаinbsp; извесно ограничување во адекватната експанзија на нивниот талент" - вели Талеска, за да потенцира и дека сликарката тешко го преживеалаinbsp; катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година, когаinbsp; меѓу нејзините загинати пријатели бил и Димитар Пандилов Аврамовски со целото семејство, период од кога потекнуваат иinbsp; неколку нејзини дела со тема од земјотресот.inbsp;
Катја Евтимова на ретроспективанта изложбаinbsp; во Националната галеријаinbsp; со околу 150 дела, ќе биде претставена и како уметник со две татковини, интересен пример на бипатритност, појава за која ликовната критичарка Соња Абаџиева во една прилика ќе забележи:"Слични примери има низ целиот свет, особено актуелни денес, во времето на интеграции и глобализации (ако ги мислиме соinbsp; позитивна означеност), когаinbsp; граѓански настроените луѓе настојуваат националните секириinbsp; да ги сместатinbsp; во археолошките зони, во анахроничните состојбиinbsp; на размислата".
"Катја Евтимова сликала начесто интимни призори, "пријатни моменти од нејзиниот живот, куќи - фасадите на стилските куќи, а најмногу цвеќето (макови, кринови,трње) кои претставуваат сон за љубовта, младоста, човековата среќа и задоволство. Таа тоа го сликала со негуван сликарски ракопис и чувства со кои спонтано ја потврдувалаinbsp; идејата за нежното, привлечното и убавото, како синоним за уметноста. Во нејзините ликовни творбиinbsp; се откриваinbsp; голматаinbsp; љубов кон планините , пределите покрај езерата, морето и "домашното огниште" како кулминација на мирот, стабилностаinbsp; и спокојството. Вербата во индивидуланиот, сопствениот живот, во семејството ја потврдува стара мисла дека "предметите имаат изглед каков ќе им го даде нашата душа".Интимностаinbsp; и привлечностаinbsp; на нејзините дела остана присутниinbsp; до крајот на нејзиното творештво", ќе забележиinbsp; Талеска, напоменувајќи декаinbsp; Евтимова интимно била растеретена од новите и доминантни движењаinbsp; во уметностаinbsp; во светот и кај нас, секогашinbsp; држејќи се до својот интимен ракопис.
"Без разлика на нејзиното потекло и студиите во Бугарија, Катја Ефтимова смета Талеска, гиinbsp; создалаinbsp; најдобрите свои ликовни остварувања во Македонија, пред се во пејсажот (планинскиот, езерскиот, морскиот и урбаниот) за што била поттикната и од нејзиниот колега Никола Мартиноски кој во една прилика и кажал дека е родена за пејсаж, но и воinbsp; делата со мртви природи, односно со цвеќињата".

УВЕРЕТЕ СЕ ЗОШТО ДРУГИТЕ СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД НАШИТЕ УСЛУГИ !

абер
www.aber.net.mk

XML

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани